Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ" број 111/08) и член 20 став 1 точка 15 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Струмица за 2011 година**

**1.Вовед**

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица за 2011 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, и начинот на нивно финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густина на населеноста
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

**2. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота;

- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје;

- Одржување на јавните површини во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дневните-дежурни и ноќните метачи.

Дневно-дежурни метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје и празнење на уличните корпи за отпад со двократно работно време и тоа од 8:30 $^{x}$ до 12:30 $^{x}$ и од 17:30 $^{x}$ до 20:30 $^{x}$ шест дена во седмицата (слободен ден сабота). Вкупната површина која ќе се одржува е 59 332 м$^2$. Реонот кој ќе се одржува е следниот:

- бул."Маршал Тито" со површина од .................... 9 437 м$^2$
- бул."Гоце Делчев" со површина од .................. 12 285 м$^2$
- бул."Ленинова" со површина од ........................ 18 625 м$^2$
- ул."Маршал Тито" со површина од ...................... 8 040 м$^2$
- ул."Гоце Делчев " со површина од ..................... 2 704 м$^2$
- ул "Сандо Масев" со површина од ...................... 2 376 м$^2$
- ул." Герас Цунев" со површина од ....................... 1 932 м$^2$
- ул "Јосиф Јосифофски" со површина од ........... 1 833 м$^2$
- ул."Невена Стојкова" со површина од ................ 2 100 м$^2$

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на нови улични корпи за отпад почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот.

Ноќното чистење ќе врши шест дена на чистење на поширокото централно градско подрачје и двапати седмично на секој од трите реони во периферните делови на градот со работно време од 04 $^x$ до 11$^x$. Во пошироко градско подрачје би биле опфатени следниве булевари и улици со вкупна површина од 85 898 м$^2$:

бул.”Маршал Тито” со површина од ……..9 437м$^2$
ул. “Балканска “ ........................................ 10 332 м$^2$
бул. “Гоце Делчев “ ............................ 12 258 м$^2$
бул. ”Ленинова “ ................................ 18 625 м$^2$
ул.” Маршал Тито “ ................................... 8 040 м$^2$
ул. “ Гоце Делчев “ .................................... 2 704 м$^2$
ул.” Сандо Масев “ ................................ 2 376 м$^2$
ул.” Герас Цунев” ....................................1 932 м$^2$
ул. “Јосиф Јосифовски” ............................ 1 833 м$^2$
ул. “Благој Мучето “ ................................ 6 684 м$^2$
ул. “24 Октомври “ ................................... 7 718 м$^2$
ул.” 4-ти Јули “ ..........................................1 979 м$^2$
ул. “ Васил Сурчев “ ............................... 1 980 м$^2$

Периферните делови на градот ќе бидат поделени на три реони и нивното чистење ќе биде двапати седмично.

Реон I ги опфаќа следните улици со површина од 66 690 м$^2$ и чистењето ќе се врши во понеделник и четврток:

ул.”Димитар Влахов “ .................................. 6 129 м$^2$
ул. “Маврово “ ............................................. 1 152 м$^2$
ул.” Ѓуро Ѓаковиќ “ ...................................... 3 740 м$^2$
ул.” Херој Карпош” ................................... 2 125,5м$^2$
ул.” 5-ти Ноември” ..................................... 6 461 м$^2$
ул. “Крушевска Република” ...................... 9 390 м$^2$
ул.” Вардарска “ ........................................1 035,5 м$^2$
Плоштад “29-ти Ноември “ ..................... 1 111,5 м$^2$
ул. “Белградска “ ............................................ 954 м$^2$
ул. “Охридска” ..............................................1.197 м$^2$
ул. “Дојранска” ............................................ 739,5м$^2$
ул. “Кожув “ ................................................... 1 244 м$^2$
ул. “15-ти Мај” .......................................... 1 681,5 м$^2$
Ул. “Бетовенова “ ......................................... 4 837 м$^2$
ул. “Славчо Стојменов” ............................. 2 093 м$^2$
ул.” Маршал Тито” .................................... 9 724 м$^2$
ул.” Елка Јанкова “ ...................................... 2 800 м$^2$
ул.” Спиро Захов” ........................................ 2 076 м$^2$
ул.” Е.П. Андонов” ...................................... 2 140 м$^2$
ул. “ Скопска “ ...................................................525 м$^2$
ул.” Атанас Нивичански.” ............................ 804 м$^2$

ул. “ Светозар Марковиќ “ ............................2 086 м$^2$
ул. “ Огражден” .........................................1 301,5 м$^2$
ул. “ 11-ти Септември” .....................................1 344 м$^2$
ул " Сташо Пинџур ".......................................... 745 ,5м$^2$
ул " 1 Мај "..............................................................942 м$^2$
ул " Дебарска "........................................................348 м$^2$
ул " Пиринска".........................................................310 м$^2$

Реон II ги опфаќа следните улици со површина од 90 912 м$^2$ и чистењето ќе се врши во вторник и петок.

- ул.” Иљо Шопов” …………... ...................................... 4 383 м$^2$
- ул. “ Браќа Миладинови” ….………...............................7 100 м$^2$
- ул. “ Јанко Цветинов “ ………….................................4 977 м$^2$
- ул. “ Жртви на фашизмот” …………... ....................... 2 817 м$^2$
- ул. “ Коста Бозов “.........................................................3 186 м$^2$
- ул. “ Мито Хаџивасилев Јасмин “………….................. 4 683 м$^2$
- ул. “ Панче Пешев” ………….............................................6 422 м$^2$
- ул. “ Братство Единство” ………….................................. 8 328 м$^2$
- ул. “ Младинска” (од ул.Братство до Е. Јанкова)…. 19 880 м$^2$
- ул. “ Дрварска “ ............................................... 2 736 м$^2$
- ул. “ Широк дол “ ………….............................................. 2 628 м$^2$
- ул. “ Цар Самоил “ ………….......................................... 1 297 м$^2$
- ул. “ Тиверија “. ………….................................................. 1 539 м$^2$
- ул. “ Методи Митевски “…………..................................... 1 539 м$^2$
- ул. “ Киро Абрашев “ ………….......................................... 5 985 м$^2$
- ул. “ Атанас Караман “ ………….......................................... 2 331 м$^2$
- ул. “ Максим Горки “ ………….............................................. 3 125,5м$^2$
- ул. “ Браќа Минкови “ …………........................................... 3 277,5м$^2$
- ул. “ Ристо Ќурчиев “ ………….......................................... 1 708 м$^2$
- ул. “ Елка Јанкова “ ………….................................................. 2 970 м$^2$

Реон III ги опфаќа следниве улици со површина од 46 526 м$^2$ и чистењето ќе се врши во среда и сабота.

- ул.” Кирил и Методиј “…....................................... 4 263 м$^2$
- ул.” Стив Наумов “ ............................................... 4 110 м$^2$
- ул.” Вера Циривири “ ........................................... 2 015 м$^2$
- ул. “ Невена Стојкова “ ....................................... 2 100 м$^2$
- ул. “ 22-ри Декември “ .......................................... 3 552 м$^2$
- ул. “ 11-ти Октомври “........................................... 5 192 м$^2$
- ул.” Моша Пијаде “............................................... 8 459 м$^2$
- ул.” Ванчо Китанов “............................................ 2 700 м$^2$
- ул. “ Ѓуро Салај “.................................................... 3 377 м$^2$
- ул. “ Наум Наумовски Борче “ ........................... 2 460 м$^2$
- ул. “ Сава Ковачевиќ “......................................... 3 768 м$^2$
- ул. “ Беласица” ....................................................... 936 м$^2$
- ул. “ Монополска”................................................... 888 м$^2$
- ул. “ Орце Николов “ ......................................... 1 060 м$^2$
- ул. “ Мирче Ацев “ .............................................. 588 м$^2$
- ул. “ Никола Тесла” ............................................ 2 058 м$^2$

Миењето на булеварите и улиците  се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот на Септември. Интензитетот на миењето ќе биде 6 дена седмично во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Во зимскиот период во услови на снег дневно-дежурните и ноќните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадите, како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација. Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол машински и рачно. Чистење на јавните површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Програмата за зимско одржување на улиците на општина Струмица донесена од Советот на општина Струмица.

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното  ќе се врши и вонредно со организирани акции двапати годишно и тоа во месец мај и  при крајот на месец септември, со претходно објавување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се изврши перење на улиците.

Во населените места (руралните средини) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.

На Спомен-костурницата, Трим-патеката и околината на манастирот “ Св. Илија” ќе се врши секојдневно чистење и празнење на поставените корпи за отпад.

### 3. Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите се определуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам и комунални работи.

**4. Начин на финансирање**

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет, согласно Одлуката за одржување на јавната чистоќа („Сл.гласник на општина Струмица" бр. 16/08) и се предвидени во Буџетот на општина Струмица за 2011 година и тоа:

Програма Ј4 – Јавна чистоќа е во износ од 6.200.000,00 денари од кои:

- Јавна чистоќа – ЈПКД „Комуналец" ... ...... 6.000.000,оо денари.
- Чистење диви депонии .............................. 200.000,00 денари

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам и комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

**5. Извршител на Програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈПКД "Комуналец" Струмица.

ЈПКД "Комуналец" Струмица изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**6.Надзор над извршување на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за урбанизам и комунални работи.

Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата вршат комуналните инспектори на Општина Струмица.

**7. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Струмица".

Број 07- 8068/1
30.12.2010 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Марјан Даскаловски